Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
Бр. 04-4642/7
16. 12. 2019 2019 година
Скопје

Врз основа на член 52 став (1) од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ"бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18), државниот секретар во Министерството за правда донесе

# О Д Л У К А
## за избор на кандидат по интерен оглас за унапредување на административен службеник

1. **НАДА СИМЈАНОСКА *се избира*** од предложената ранг листа на кандидати по Интерниот оглас за унапредување на административен службеник во Министерството за правда број 02/2019, за работно место раководител на Секторот за меѓународна правна помош, со звање раководител на сектор, шифра на работно место УПР0101Б02000.

2. Со именуваната ќе се заснова работен однос по конечноста на оваа одлука.

## О б р а з л о ж е н и е

По добиена писмена согласност од Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства број 18-5017/2 од 16.07.2019 година, на ден 11.11.2019 година на веб страниците на Министерството за правда и на Агенцијата за администрација објавен е Интерниот оглас број 02/2019 за унапредување на еден административен службеник во Министерството за правда, за работното место раководител на Секторот за меѓународна правна помош.

Со Решение број 04-4642/3 од 29.11.2019 година, формирана е Комисија за унапредување на административен службеник.

На Јавниот оглас за горенаведеното работно место се пријави еден кандидат. Комисијата спроведе постапка за административна селекција и одржа интервју со единствениот кандидат, чија пријава беше комплетна и кој ги исполнува условите утврдени во Законот за административни службеници и пропишани во Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за правда.

Врз основа на добиените бодови од спроведената административна селекција и од одржаното интервју, изготвена е Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлуката за избор на прворангираниот кандидат.

Врз основа на предложената ранг листа, а со оглед дека целата постапка се спроведе со единствениот пријавен кандидат, државниот секретар за работно место раководител на Секторот за меѓународна правна помош, го избра кандидатот Нада Симјаноска.

Врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозититвот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА** : Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право во рок од 8 дена да изјави жалба до Агенцијата за администрација

ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР
Faton Selami

ДОСТАВЕНО ДО:
- Именуваниот-та,
- Одделение за човечки ресурси,
- Архива

Изготвил : Маја Малјановска, раководител на сектор